**Информација за меѓународни активности**

Почитувани,

Преку овој допис, дозволете да ве известиме за средбите што ректорот, проф. д-р Сашо Коруновски и неговите соработници, проректорите проф. д-р Марјан Ангелески, проф. д-р Виолета Маневска и проф. д-р Елизабета Бахтовска ги имаа во изминатиов период.

Имено, УКЛО беше домаќин на трипартитниот состанок на којшто, покрај ректорот Коруновски присуствуваа и ректорот на Универзитетот на Западна Македонија од Кожани, проф. Антонис Турлидакис како и проректорката од Универзитетот „Фан С. Ноли“ од Корча, проф. Бенита Ставре.

Со оглед на фактот што со двата универзитети УКЛО има потпишано билатерални договори за соработка, на средбата се разгледуваа можностите и формите за нејзино проширување и продлабочување имајќи ја во предвид, пред се, регионалната димезија на заедничките активности и можностите во рамките на европските програми за соработка.

За таа цел, ве повикуваме да ги посетите web-страниците на Универзитетот „Фан С. Ноли“ (www.unkorce.al) и на Универзитетот на Западна Македонија (www.uowm.gr) и да се запознаете со нивната структура, капацитетот и академската понуда во чиишто рамки би се идентификувала соработка со вашата високообразовна установа во повеќе области: склучување ERASMUS+интеринституционални договори, заедничко учество во стратешки и други партнерства и проекти финансирани од европски програми, публикувања во научни часописи..

Во овој контекст би сакале да информираме и за посетата на делегацијата од Универзитетот во Каен, Регион Долна Нормандија, Франција (www.unicaen.fr), предводена од проректорот проф. Беноа Верон како дел од договорот за соработка што Република Македонија го има потпишано со Регионот Долна Нормандија.

И во оваа иницијатива може исто така да се согледаат можности за склучување ERASMUS+ интеринституционални договори, заедничко учество во стратешки и други партнерства, како и учество во проекти финансирани од европски програми.

Доколку имате некои иницијативи во врска со овие две можности за соработка, Канцеларијата за МС стои на Ваше располагање за логистичка и друга поддршка.

Со почит